**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/25)

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15, 218/16 и 221/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 181/19, 116/20, 167/20 и 27/24), во точката 3 став 2, зборот: „Гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

2. Во точката 6 став 1 потточка 5), зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор на Народната банка".

3. Во точката 9 став 2, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор на Народната банка (во понатамошниот текст: Извршниот одбор)".

4. Во точката 13 потточка 13.6 ставови 2 и 3, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

5. Во точката 14 потточка 14.5, во првата реченица, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

6. Во точката 15 ставови 1, 3, 6 и 7, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

7. Во точката 19-а потточки 19-а.8, 19-а.9 и 19-а.10, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

8. Во точката 19-ѓ потточка 19-ѓ.9, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

9. Во точката 19-з став 2, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

10. Во точката 19-ј ставови 1, 2, 3, 4, 6 и 7, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

11. Во точката 26 ставови 1 и 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

12. Во точката 27 став 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

13. Во точката 31, во третата реченица, зборовите: „Народната банка, во рок од“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор, во рок од“.

14. Во точката 32, во втората реченица, зборовите: „Народната банка, во рок од“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор, во рок од“.

15. Во точката 36 став 3, зборот: „гувернерот“ се заменува со зборовите: „Извршниот одбор“.

16. Во точката 42 став 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

17. Во точката 80, по ставот 3 се додава нов став 4 којшто гласи:

„За потребите на ставот 1 алинеја 3 од оваа точка, износот на средствата коишто банката ги зела под наем се утврдува со примена на следнава формула:

1/T × сегашната сметководствена вредност на средството со право на користење (средство земено под наем), намалена за акумулираната амортизација и оштетувањето, каде што,
T = max (1, бројот на преостанатите години до достасување на договорот за наем заокружен на цел број).“

18. Во точката 162, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

19. Во точката 170 став 3, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

20. Во точката 171 став 1, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

21. Во точката 176, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

22. Во точката 179 став 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

23. Во точката 190 став 2, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

24. Во точката 191, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

25. Во точката 208, зборовите: „Народната банка“ се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор“.

26. Во точката 209 став 1 алинеја 2, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

27. Во точката 212 став 1 и ставови 2 и 3 во воведната реченица, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборот: „Гувернерот", а во ставот 2 алинеја 4, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборот: „гувернерот".

28. Во точката 213, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

29. Во точката 214, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

30. Во точката 215, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

31. Во точката 220 став 2 алинеја 3, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

32. Во точката 228 ставови 1 и 2, зборовите: „Народната банка" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор".

33. Во Анексот бр. 2, во делот број II. Податоци за полномошникот, зборовите: „Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија".

34. Во Анексот бр. 3, зборовите: „Народната банка на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија".

35. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува по влегувањето во сила на измените на Законот за банките со кои ќе се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24), во согласност со кој Извршниот одбор одлучува за издавање и укинување дозволи, издавање и повлекување согласности на банки и штедилници и презема мерки кон банки и штедилници коишто се предмет на супервизија во согласност со закон.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, точката 17 на оваа одлука ќе почне да се применува со денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Бр. 02-3873/14**
**4 февруари 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**